**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА МАКЕДОНИЈА**

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

ПРВ СТРАНСКИ ЈАЗИК
за II година

Скопје, мај, 2002 година

## 1. **ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ**

1.1. ***Назив на наставниот предмет***: англиски јазик
1.2. ***Вид на средно образование:*** гимназиско
1.3. **Диференцијација на наставниот предмет:** општообразовен
1.4. ***Година на изучување на наставниот предмет***: втора година
1.5. ***Број на часови неделно:*** 3 часа
1.6. ***Број на часови годишно:*** 108 часа
1.7. **Статус на наставниот предмет**: задолжителен

## 2. ЦЕЛ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Цел на наставата по англиски јазик е да го оспособи ученикот да комуницира на англиски јазик во функција на општото и понатамошното образование, да обезбеди можности за самообразование и да го подготви за улогата на граѓанин на демократско општество.

Поагајќи од оваа цел, ученикот кој успешно го завршил овој предмет ќе биде способен:

- да комуницира на англиски јазик во секојдневниот и академскиот контекст;
- да комуницира на англиски јазик во конкретен насочен контекст од општообразовен и секојдневен карактер;
- да развива лични способности потребни за успешно функционирање како граганин во едно демократско општество;
- да ги развие своите индивидуални способности за рецептивна и продуктивна употреба на англискиот јазик во устен и писмен контекст на англиски јазик;

- да се здобие со одреден социо-лингвистички фонд на знаења којшто ќе му помогне да владее со различни комуникативни ситуации;
- да биде подготвен за натамошно образование во институциите за високообразование на професионално и научно поле;
- да се здобие со информации за тековните настани во светот;
- да биде подготвен за комуницирање и претставување на својата земја и култура;
- да се запознае со културните карактеристики на другите земји и народи, што ќе го потпомогне создавањето на меѓукултурна размена и толеранција, како и критичка примена на знаењата.

Овие општи цели на предметот придонесуваат за исполнување на фундаменталните цели на двете нивоа, имено: општообразовните цели на Македонија и целите за личен развој.

**3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА**

За успешно следење и совладување на содржините, односно за постигнување на зацртаните цели, ученикот треба да ги има стекнато вештините и знаењата предвидени во Наставната програма за прва година.

**4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**

Процесот на учење на англискиот јазик се дели на одреден број компоненти за кои подолу е дадена листа на конкретните цели и на дидактичките насоки. Овие компоненти се: слушање, зборување, читање, пишување, комуникативни модели, граматика, вокабулар и култура.
Меѓутоа, во образовниот процес овие компоненти не се обработуваат одделно или по оној редослед во кој се појавуваат во оваа програма. Во фактичката ситуација во која се одвива учењето, наставникот ќе ги интегрира различните компоненти, со што јазикот ќе се учи на функционален, холистички начин.

## *КОМПОНЕНТА 1: СЛУШАЊЕ*

Целите на компонентата *Слушање* се:

- ученикот да ги негува способностите за разликување фонеми од англискиот фонетски систем, акцент, ритам, интонација;
- да се запознава со варијантите на англискиот јазик;
- да воочува граматички особености на говорниот јазик;
- да ги развива способностите за идентификување за конкретни информации при усна комуникација на општи теми;
- да разбира подолги усни искази, пораки и информации, составени од познати јазични елементи;
- да ги негува способностите за разбирање говор преку поврзување на лингвистички со паралингвистички сигнали (интонација, акцент) и нелингвистички сигнали (гестикулации);
- да разбира говор од разни говорници во секојдневни ситуации.

| Содржина | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Фонеми | Ученикот да ги разликува слухово фонемите во англискиот фонетски систем; | Недоволно усвоените фонеми од претходната година.<br>θ - s;<br>∂ - z; | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или изворни говорници и подвлекување графеми, односно зборови во минимални парови; поврзување фонетски симболи со соодветни гласови итн.; | Со предзнаењата од англискиот и мајчиниот јазик. |
| | да идентификува слеани соседни зборови во поврзан говор; | for_example;<br>never_again;<br>somewhere_else; | вежби со слушање фрази и реченици и определување на бројот на зборовите; | |
| | да препознава слухово асимилација на фонеми во поврзан говор. | ten girls /n/→/η/;<br>first light /t/→/l/;<br>this shirt /s/→/ʃ/; | вежби со слушање фрази и заокружување на соодветна асимилација изразена со фонетска транскрипција. | |
| Зборови | Да го идентификува слухово примарниот акцент на четвртиот слог во повеќесложни зборови и на првиот слог во сложени именки; | enthusi’astic nationa’litic<br>determi’nation<br><br>‘job-interview, lighthouse,<br>‘hardworking; | Вежби со слушање зборови од аудио-снимки или од наставникот и подвлекување слогови; | |
| | да дискриминира неакцентирани слогови во куси искази | a piece of cake /∂pi:s∂keik/;<br>five to nine /faivt∂nain/;<br>fish and chips /fiʃ∂ntʃips/;<br>He is from London /hizfr∂mlʌnd∂n/; | слушање фрази и определување на бројот на зборови во нив; | |
| | да го дискриминира значењето на хомофоните од контекстот; | I - eye; hear-here;<br>meet-meat; son-sun; | слушање говор од аудио или видео-снимки, од наставникот или од изворни говорници и вежби со повеќечлен избор од дадени дефиниции на зборови, синоними, антоними; дополнување реченици итн. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да го разбира приближно значењето на непознат збор во познат контекст од општа тематика. | One day in spring she went walking in the fields.<br>The book was published last year. | | Со предзнаењата од англискиот јазик и другите предмети. |
| Реченици | Да дискриминира нагорна и надолна интонација; | You've been there lately? ↗<br>How can I thank you? ➢ | Вежби со слушање реченици од аудио снимки и обележување на интонацијата со дијаграми или гестикулации; | Со предзнаењата од англискиот и мајчиниот јазик. |
| | да идентификува скратени форми на помошни и модални глаголи; | I'd rather...<br>You'd better...<br>When they'd answered all her questions, they left. | вежби со слушање говор од аудиоснимки или од наставникот и определување на бројот на зборовите во реченицата; подвлекување на јаките и слабите форми; | |
| | да идентификува јаки и слаби форми на помошни глаголи; | What *do* you ˈwant? *Do* you ˈlike this? Yes, I ˈ**do**.<br><br>*Has* he been there ˈbefore? Yes, he ˈ**has**. | | |
| | да го разбира значењето на реченицата според акцентираниот збор во неа; | Joe watched a **volleyball** game yesterday. (not a football game)<br>**Joe** watched a volleyball game yesterday. (not Jim)<br>Joe watched a volleyball game **yesterday**. (not the day before)<br>Joe **watched** a volleyball game yesterday. (not read about) | слушање аудиоснимки и говорот на наставникот и вежби со подвлекување на акцентираниот збор, повеќечлен избор, решавање проблеми; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да идентификува конкретни информации во говор на општи теми, составен од познати јазични елементи; | Volkswagen means 'people's car. And in 1934, Ferdinand Porsche was asked by the German Government to design exactly that - a car for the people. | слушање куси текстови од аудиоснимка или презентирани од наставникот и вежби со поврзување или подредување слики, точни/ неточни искази, повеќечлен избор, трансфер на информации со графички прикази, идејни мапи итн.; | Со предзнаењата од англискиот и мајчиниот јазик и другите предмети. |
| | слухово да препозна-ва потврдна, прашал-на и извична рече-ница; | She left yesterday.<br>What is she?<br>What a girl! | сушање снимени искази или изговорени од наставникот и вежби со заокружување на интерпункциски знаци; | |
| | слухово да препознава "формален" и "неформален" јазик и расположенија на говорникот; | Informal:<br>A: Open the window, will you?<br>B: OK.<br>A: That's better.<br>Formal:<br>A: Would you mind opening the window, please?<br>B: Not at all.<br>A: Thank you very much. | | |
| | да разбира подолги усни инструкции, пораки и информации, составени од познати јазични елементи. | Would you pass the salt John? It's in the cabinet, on the second shelf, I think. | слушање реченици од аудиоснимки или од наставникот и вежби со повеќечлен избор, извршување инструкции, пренесување пораки итн. | |

## *КОМПОНЕНТА 2: ЗБОРУВАЊЕ*

Целите на компонентата *Зборување* се:

- ученикот да го усовршува изговорот на фонемите на англискиот фонетски систем, акцентот, ритамот и интонацијата;
- да се оспособи усно да комуницира во секојдневни ситуации, применувајќи ги комуникативните модели и јазичните елементи предвидени за оваа година;
- да ги развива способностите за усно изразување на сопствените ставови и мислења за прашања од секојдневниот живот, како и да ги поткрепува со аргументи.

| Содржина | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Фонеми | Ученикот правилно да ги изговара фонемите од англискиот фонетски систем; | Недоволно усвоените фонеми во претходната година. | Активности од типот на вежби со слушање и повторување фонеми, зборови во минимални парови, римувалки, брзозборки; | Со предзнаењата од англискиот и мајчиниот јазик. |
| | да изговара правилно согласки во почетна, средна и крајна позиција; | table, spot, stop;<br>leg, play, beetle;<br>room from (mother said;<br>mother_and father); | слушање поединечни и парови од зборови и повторување, продукција на зборови; | |
| | да изговара правилно асимилации на крајни фонеми во зборови при поврзан говор. | ten girls /n/→/η/;<br>first light /t/→/l/;<br>this shirt /s/→/ʃ/; | репродукција и продукција на фрази со асимилации. | |
| Зборови | Да го изговара правилно примарниот акцент на четвртиот слог во повеќесложни зборови и на првиот слог во сложени именки; | enthusi'astic nationa'listic determi'nation<br><br>'job-interview, lighthouse, 'hardworking; | Вежби со репродукција и продукција на зборови; | |
| | да изговара правилен акцент кај основни и изведени зборови; | advert-advertisement;<br>photograph-photographer;<br>publish-publicity;<br>music-musician, etc. | вежби со репродукција и продукција на зборови; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да изговара правилно неакцентирани слогови во куси искази. | a piece of cake /∂pi:s∂keik/;<br>five to nine /faivt∂nain/;<br>fish and chips /fi∫∂nt∫ips/;<br>he is from London /hizfr∂ml∧nd∂n/; | репродукција и продукција на фрази со асимилации. | |
| Реченици | Да изговара нагорна и надолна интонација; | You've been there lately? ⮛<br>How can I thank you? ➢ | Вежби со репродукција и продукција на искази, гласно читање на дијалози, драматизација; | Со предзнаењата од англискиот и мајчиниот јазик. |
| | да изговара скратени форми на помошни и модални глаголи; | I'd rather...<br>You'd better...<br>When they'd answered all her questions, they left. | вежби со репродукција и продукција на искази, гласно читање на дијалози, драматизација; | |
| | да изговара јаки и слаби форми на помошни глаголи; | What *do* you ˋwant? *Do* you ˋlike this? Yes, I ˋ**do**.<br><br>*Has* he been there ˋbefore? Yes, he ˋ**has**. | вежби со репродукција и продукција на искази, гласно читање на дијалози, драматизација; | |
| | да изговара реченици со акцент што го определува нивното значење; | Joe watched a **volleyball** game yesterday. (not a football game)<br>**Joe** watched a volleyball game yesterday. (not Jim)<br>Joe watched a volleyball game **yesterday**. (not the day before)<br>Joe **watched** a volleyball game yesterday. (not read about) | вежби со репродукција и продукција на искази, гласно читање на дијалози, драматизација. | |
| | да комуницира применувајќи ги предвидените комуникативни модели и јазични елементи; | - How's Dad?<br>- He's very well, but pretty tired. It would be better if he didn't have to commute to London every day. | вежби со поставување прашања и давање одговори, варијации на дадени дијалози и креирање нови; отворени дијалози; играње по улоги; интервјуа, нарација по слики; опишување; дискусии на слободни теми, итн. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да користи “формален” и “неформален” јазик во секојдневни ситуации; | Informal:<br>A: Open the window, will you?<br>B: OK.<br>A: That’s better.<br>Formal:<br>A: Would you mind opening the window, please?<br>B: Not at all.<br>A: Thank you very much. | вежби со поставување прашања и давање одговори, варијации на дадени дијалози и креирање нови; отворени дијалози; играње по улоги; интервјуа, нарација по слики; опишување; дискусии на слободни теми итн.; | |
| | да изразува сопствени ставови, мислења и реакции. | I believe that is the only way he can handle this situation. | вежби со поставување прашања и давање одговори, варијации на дадени дијалози и креирање нови; отворени дијалози; играње по улоги; интервјуа, нарација по слики; опишување; дискусии на слободни теми итн. | |

## *КОМПОНЕНТА 3: ЧИТАЊЕ*

Целите на компонентата *Читање* се:

- ученикот да ги негува способностите за препознавање усно усвоени зборови во нивната графичка форма;
- да ги негува способностите за препознавање на симболите на фонетската транскрипција;
- да се оспособува да ги дискриминира јазичните елементи предвидени за оваа година во сложени реченици;
- да се оспособува да идентификува конкретни информации во подолги текстови на општи теми составени од познати јазични елементи;
- да се оспособува да ја разбира главната идеја (мисла) во подолги текстови на општи теми;
- да ја развива желбата за екстензивно читање според своите способности и интереси.

| Содржина | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Букви | Ученикот да ја препознава графијата на усно усвоени фонеми; | Нови графии на усно усвоени фонеми. | Активности од типот на вежби со читање зборови и идентификување, подвлекување графеми; | Со предзнаењата од англискиот јазик. |
| | да чита фонетски симболи. | Недоволно усвоени фонетски симболи од претходната година. | вежби со читање фонетски симболи. | |
| Зборови | Да го идентификува изговорот на познати и непознати зборови преку фонетската транскрипција; | curious [‘kju∂ri∂s] search[sз∂:t∫] | Вежби со читање на фонетската транскрипција на зборови од речник; | |
| | да ја препознава графијата на усно усвоени хомофони; | I - eye; hear-here; meet-meat; son-sun; | вежби со поврзување зборови со слики и фрази; | |
| | ученикот правилно да ги акцентира повеќесложните зборови; | assistant - communication | вежби со гласно читање зборови, дијалози, текстови; | |
| | да го разбира приближно значењето на непознат збор во познат или помалку познат контекст од општа тематика. | I gave the shop assistant $5 but he didn’t have any change. | читање текстови и вежби со повеќечлен избор од дадени дефиниции на зборови, синоними, антоними; дополнување реченици итн. | Со предзнаењата од англискиот јазик и другите предмети. |
| Реченици | Да дискриминира јазични елементи во сложени реченици; | Видови зборови и реченици, делови од реченици. | Вежби со читање реченици (тивко и гласно) и подвлекување зборови и делови од реченици, пополнување зборови во реченици, довршување реченици, трансформации на реченици. | Со предзнаењата од англискиот и мајчиниот јазик. |
| | да идентификува конкретни информации во подолги текстови од општа тематика, составени од познати јазични елементи; | | вежби со читање избрани текстови и пополнување реченици, точни/неточни реченици, трансфер на информации со графички прикази, идејни мапи итн; | со предзнаењата од англискиот и мајчиниот јазик и другите предмети. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да ја идентификува главната мисла во подолги текстови и делови од текстови од општа тематика составени од познати јазични елементи. | | читање избрани текстови и вежби со повеќечлен избор, одговарање на прашања, подредување реченици, поврзување слики со текст, давање нов наслов на текстот или на делови од текст итн. | |

## *КОМПОНЕНТА 4: ПИШУВАЊЕ*

Целите на компонентата *Пишување* се:

- ученикот да ги негува способностите за разбирање на односот фонема/графема;
- да се оспособува да пишува куси и подолги насочени состави во кои ќе искажува лични и други информации, пораки, ставови, мислења, применувајќи ги комуникативните модели и јазичните елементи предвидени за оваа година;
- да се оспособува да пишува подолги насочени состави на општи теми, во кои ќе опишува или раскажува применувајќи ги комуникативните модели и јазичните елементи предвидени за оваа година;
- да ја усовршува правилната употреба на интерпункциските знаци.

| Содржина | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Букви | Ученикот правилно да пишува англиски фонеми. | Нови графии на усно усвоени фонеми. | Активности од типот на вежби со пополнување испуштени букви во зборови. | Со предзнаењата од англискиот јазик. |
| Зборови | Да пишува правилно познати и нови зборови од општа тематика. | ancient<br>abandon | Вежби со подредување на букви во зборови, наоѓање зборови во слеана низа, пишување по диктат, пополнување крстозборки итн. | |
| Реченици | Да пишува правилно поврзан говор што содржи асимилации, елизии, редукции на самогласки и слаби форми; | first light /f∂:slait/;<br>I am /aim/;<br>he is /hi:z/<br>can you /k∂n ju:;knju:/ | Вежби со пишување диктат на поврзан говор. | |
| | да пополнува формулари и пишува куси насочени состави со лични информации, пораки, мислења, ставови итн. применувајќи соодветни комуникативни модели, јазични елементи и интерпункциски знаци; | | Вежби со пополнување формулари, пополнување и довршување реченици, комплетирање отворени дијалози, пополнување текстови со испуштени зборови, коригирање на текстови и употреба на интерпункциски знаци, пишување пораки, формални и неформални писма итн.; | Со предзнаењата од англискиот и мајчиниот јазик. |
| | да пишува дескриптивни и наративни состави на општи теми применувајќи соодветни комуникативни модели, јазични елементи и интерпункциски знаци. | | вежби со довршување текст, поврзување реченици со сврзници, подредување пасуси, пишување куси состави по дадени аудитивни и/или визуелни информации итн. | Со предзнаењата од англискиот и мајчиниот јазик и другите предмети. |

# *КОМПОНЕНТА 5: КОМУНИКАТИВНИ МОДЕЛИ*

Целта на компонентата *Комуникативни модели* е:

- ученикот да се оспособи да комуницира во секојдневни и во едноставни ситуации, применувајќи комуникативни модели во рамките на јазичните елементи предвидени за оваа година.

| **Содржина** | **Конкретни цели** | **Примери** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| Изразување време | Ученикот да може да ги идентификува и применува комуникативните модели предвидени за оваа година. | 7.15 It's fifteen minutes past seven.<br>It's a quarter past seven.<br>It's seven fifteen. | Активности од типот на вежби со соодветни комуникативни модели за дадена ситуација на релација ученик - ученик,<br>ученик - возрасен,<br>возрасен - возрасен,<br>вработен - вработен,<br>вработен - вработувач,<br>со драматизација на дијалози, супституција, варијации на веќе обработени дијалози, отворени дијалози, играње по улоги симулации итн., со или без користење аудиовизуелни средства. | Со предзнаењата од англискиот и мајчиниот јазик и другите предмети. |
| Искажување на мислење | | In my opinion…<br>I think that…<br>I don't think that…<br>It seems to me that…<br>My impression is that… | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изразување<br>- обврска/ отсуство на обврска<br><br>- можност/ неможност во иднина<br><br>- навика/ состојба во минатото | | I have to wear a uniform.<br>You don't have to wear a uniform.<br>You needn't wear a uniform.<br><br>It might snow tonight.<br>It might not snow tonight.<br><br>I used to play with dolls but now I don't.<br>He used to be friendly but now he isn't. | | |
| Прекажување туѓи искази | | She wanted to know if I knew his name.<br>'Where are you going?' She asked me where I was going. | | |
| Давање совет | | You ought to be patient with him.<br>If I were you, I'd..../I wouldn't | | |
| Убедување/ разубедување | | I'm telling you that...<br>I assure you that... | | |
| Изразување сомневање | | I am not sure (that)…<br>I don't believe that...<br>I doubt that.... | | |
| Искажување на намера | | I'm going to visit them…<br>I'll visit them…<br>I'm visiting them tonight…<br>I intend to visit them…<br>I'm thinking of visiting them… | | |
| Искажување на условеност | | If I found the purse, I would give it to you.<br>If I had found the purse, I would have given it to you. | | |
| Изразување сигурност | | I'm sure that....<br>I feel quite sure that…<br>It's evident / certain/clear that... | | |

# *КОМПОНЕНТА 6: ГРАМАТИКА*

Целта на компонентата *Граматика* е:

- ученикот да ги разбира јазичните елементи на англискиот јазик предвидени за оваа година и правилно да ги применува во најразлични комуникативни ситуации.

| Содржина | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Именки<br>а) општи<br>- правилна множина<br>- множина со промена во правописот<br><br>б) материјални<br><br>в) суфикси за формирање именки од глаголи: -er, -ion, -y, -ment,<br><br>г) машки/женски род<br><br>д) присвојна форма<br>- присвојно ‘*s* со:<br>луѓе и група од луге, географски поими, организации, фирми, продавници, животни, изрази;<br>- присвојност со *of* кај предмети; | Ученикот да може да ги идентификува, разбере и применува јазичните елементи предвидени за оваа година. | House/houses; kiss/kisses;<br><br>lady/ladies; wolf/wolves; loaf/loaves.<br><br>tea, flour, wine, sugar<br><br>worker, election, discovery, government<br><br>actor/actress; duke/duchess; hero/heroine.<br><br>мен□с, догс□, Јохн Смитх□с, Лондон□с, доцтор□с, бутцхер□с, цат□с боњл, тњо seapc□ пas, a дas□c њорк;<br><br>тхе њаллс оф тхе тоњн | Активности од типот на вежби со повеќечлен избор, поврзување зборови или делови од реченици, подредување зборови во реченици, супституции во реченици, пополнување и дополнување реченици, комбинирање и трансформации на зборови и реченици. | Со предзнаењата од англискиот и мајчиниот јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Заменки<br>а) односни | | who, which, whose, that, where | | |
| Член<br>а) определен со некои географски поими, некои изрази, имиња на галерии, весници, националности<br><br>б) испуштање на член со некои географски поими, некои изрази, имиња на списанија | | the Black Sea, the Vardar, the Himalayas, the Gulf of Mexico, the National Gallery, play the violin, go to the theatre, the English, the Finns; the Observer, the New York Times;<br><br>Моунт Бланц, Водно, Лаке Охрид;<br>го то цхурцх/присон/њорк;<br>бѕ тубе, бѕ сеа, Тиме, Нењсњеек; | | |
| Придавки<br>а) без именки<br><br>б) неправилна компарација од old, little, far<br><br>в) суфикси за форми-рање придавки од именки (-ed, -ing, -able, -ful, -less, -ous, -ly, -y<br><br>г) основни и екстремни | | the young, the dead; the English<br><br>old - elder - the eldest<br>little - less - the least<br>far - farther/further - the farthest/the furthest<br><br>shocked, interesting, comfortable, respectful, useless, famous, friendly, noisy<br><br>фуннѕ-хилариоус; верѕ фуннѕ, абсолутелѕ хилариоус;<br>тиред-еџхаустед;<br>биг-хуге,енормоус | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Прилози<br>а) прилози за степен<br><br><br>б) редоследот на прилозите во реченицата (начин, место, време) | | quite young, rather attractive;<br>nearly, however, although;<br><br>The film was quite good.<br>I didn’t like it either.<br>It suddenly began to rain.<br>Схе санг беаутифуллс ат тхе концерт ласт нигхт. | | |
| Предлози<br>а) за време: ат, during, since, until<br><br>б) за место: он, above, below<br><br><br><br>в) зборови и предлози што одат заедно | | at Christmas;<br>During the day it sleeps and it goes out at night.<br><br>We drive on the left.<br>The clock is below the painting.<br>The painting is above the fireplace.<br><br>депенд он, агрее њитх, тхинк оф, дифферент фром, марриед то, фамоус фор, фед уп њитх | | |
| Глаголи и времиња<br><br>а) Past Perfect<br><br>б) Модални глаголи mustn’t, can’t, should<br><br><br><br><br><br>в) Глаголи со честици | | <br><br>He said he had taken a taxi.<br><br>You mustn’t steal.<br>You should try to eat less.<br>She can’t have been in love.<br>I’m really looking forward to our holidays.<br><br><br>We’ve run out of sugar.<br>How do you get on with your parents? | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реченица<br>а) прашални реченици со предвидените глаголски времиња<br><br>б) одречни реченици со Past Perfect Tense<br><br>в) прашални додатоци на потврдни и одречни реченици со предвидените времиња.<br><br>г) односни реченици | | Had the play started when you arrived?<br><br>The play hadn't started when you arrived, had it?<br><br>You don't like tea, do you?<br>We had a good time, didn't we?<br><br>Тхе цар њхицх/тхат И хиред броке доњн.<br>Тхис ис тхе бест хотел (тхат) И кноњ.<br>Хе ате тхе цхеесе њхицх/тхат њас ин тхе фридге. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| д) Условни реченици<br>II тип<br>III тип | | If I dropped this it would explode.<br>If I had known of your arrival I would have met you. | | |
| г) wish и if only - сегашно и минато време | | I wish I wasn’t small.<br>If only I were taller.<br>I wish I had been happy.<br>If only I had gone to university. | | |
| е) Индиректен говор<br><br>- со промена на време во yes/no прашања и прашања со прашален збор. | | ☐Ис анѕоне тхере?☐ Хе аскед иф анѕоне њас тхере.<br>“Ђхере доес схе ливе?☐ Хе аскед њхере схе ливед. | | |

# *КОМПОНЕНТА 7: ВОКАБУЛАР*

Цели на компонентата *Вокабулар* се:

- ученикот да го проширува својот вокабулар со нови значења на веќе усвоени зборови и нови зборови и изрази за активна примена во комуникацијата;
- да ги негува способностите за служење со двојазичен/еднојазичен речник;

| Тема | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Лица<br><br><br><br><br>Семејство | Ученикот да може да ги опише и спореди дадените елементи. | Физички изглед, карактерни особини, чувства, расположенија, желби, интерес, занимања, кариера, познати личности. | Активности со слушање и гледање избрани аудио, односно видеоснимки, читање текстови и супституција, подвлекување, трансформација, илустрирање зборови, пополнување зборови во реченици, поврзување слики и зборови, одговарање на прашања, играње по улоги, игри и загатки; проучување книги, написи, брошури, прирачници итн. | Со предзнаењата од англискиот јазик и другите предмети. |
| Односи во општеството | Да може да опише и да ги спореди меѓучовечките односи во општеството;<br>да може да се изразува едноставно и соодветно на телефон; | Меѓучовечки односи /наставник-наставник; наставник-ученик. | | |
| Современи комуникации | | Телефонирање, компјутери, печат, телевизија итн. | | |
| Патување | да е во состојба да даде основни упатства за движење во одреден правец; | Превозни средства, патишта, сообраќај, комуницирање на станици, аеродроми, активности во време на зимски/летен одмор. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Уметност | да може во општ контекст да се изразува за културното и историското наследство на својата земја, како и да го споредува со културното наследство на другите народи. | Сликање, музика-музички инструменти, правци во музиката, сликарството, литература-поезија и проза, биографии. | | |
| Спорт и активности во слободно време | Да може да се изразува на тема спорт и слободно време | - Екстремни спортови, други спортови, фудбал, кошарка, рагби, бејзбол итн.;<br>- спортска опрема;<br>- хоби;<br>- колекционерство. | | |

## *КОМПОНЕНТА 8: КУЛТУРА*

Целите на компонентата *Кулшура* се:

- ученикот да се здобие со знаења и разбирање за некои социо-културни карактеристики на другите земји преку содржините од вокабуларот и комуникативните модели заради градење позитивен став кон придонесот на сопствената и на другите култури за подобро меѓусебно разбирање и соработка;
- да развие почит кон различноста на другите култури, како и за предизвиците кои произлегуваат од живеењето/работењето во мултиетнички средини;
- ученикот да стекне поголема свест за себе во однос кон мултиетничката средина и меѓукултурната комуникација;
- да се здобие со знаења за факторите кои влијаат врз стиловите на комуницирање во различните култури.

*Темиште предложени за прва година се продлабочуваат во втора година.*

| **Тема** | **Конкретни цели** | **Примери** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Историско наследство | Ученикот да може да се изразува писмено и усно за историските настани за својот и за другите народи. | Историски настани, легенди, историски споменици. | Активности со слушање и гледање избрани аудио, односно видеоснимки, читање текстови и поврзување  слики со зборови, одговарање на прашања; микропроекти, играње по улоги, игри и загатки итн. | Со предзнаењата од англискиот јазик и другите предмети. |
| Село / град | Да може да споредува живот и животни навики и стилови во различни места на живеење. | Опис, секојдневие, предности, недостатоци. | | |
| Економски и еколошки прашања | Да може да разговара за својата непосредна околина и состојбата во државата во општ контекст. | Вработеност, невработеност, човекот и животната средина. | | |
| Патување | Да може да се слу-жи со разни форми на транспорт, да препознава натпи-си, да бара и дава информации и да се смести во хотел. | Транспорт, јавен сообраќај,  натписи, знаменитости, посета на музеи, барање и давање информации, сместување во хотел. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Личности и настани од науката, литературата и уметноста | Да може да се искажува за животот на разни познати личности од полето на литературата, уметноста итн. | Биографии на познати личности на полето на науката, литературата и уметноста; значајни литературни и уметнички дела и настани, научни откритија. | | |
| Музика и филм | Да може да се искажува во писмена и усна форма за разните видови музика, филм, балет, концерти итн. | Видови песни, балет, модерни и народни танци, познати филмски и музички ѕвезди, концерти, познати филмови. | | |
| Животот на луѓето, начин на живеење, обичаи, навики, однесување | Да ги познава разните навики при јадење во странство, да може да се изразува писмено и усно за подготвувањето на храната во својата земја, како и за односите во семејството при разни ситуации, итн. | Однесување во општеството, навики при јадење, подготвување на храна во својата земја и други земји, односи во семејството (родители-деца) младост, брак, празници, прослави, забави; животот во училиштето некогаш и сега, школски правила; универзитет. | | |
| Телефонирање | да може да направи едноставен телефонски разговор на англиски јазик. | Модели на формално и неформално комуницирање по телефон. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Медиуми | Да може да ја разбере главната мисла во некои натписи во весниците, на ТВ и радиопрограмите на англиски јазик и сл. | Видови весници, списанија, ТВ и радио програми, Интернет и вебсајтови. | | |
| Комуницирање | Да може на едноставен и соодветен начин да комуницира преку наведените форми на комуникација. | - Модели на формално и неформално комуницирање;<br>- формални и неформални писма;<br>- електронска пошта;<br>- испраќање на факс пораки;<br>- натписи, упатства преку илустрации. | | |

### *4.2. Наставни методи и активности на учење*

*Основни наставни методи*

Како основни методи што можат да се користат во наставата по англиски јазик се: директната метода, методата на тивок пристап (Silent way), сугестопедијата (Suggestopedia), CLL (Community Language Learning) = метод на учење во заедница, ALM (Audio - Lingual Method)= аудио-лингвалниот метод, методата TPR (Total Physical Response)= каде учењето на јазикот е во координација со физичка активност и мобилност на учениците. Како заклучок може да се каже дека сите овие методи порано требало да се применуваат во рамките на комуникативниот приод (кој датира од осумдесеттите години), сега се препорачува да се применуваат т.н. “соодветни методологии”, односно “Appropriate Methodologies” .

*Активностите на ученикот*

Зависно од применетите методи во процесот на учењето активностите на ученикот се сведуваат на: слушање, прибележување, повторување, вежбање, читање, откривање односи и законитости, самостојно учење, проверување, применување, пишување на табла, работа во парови и групи, изработување на домашни задачи, дискутирање, опишување, раскажување, критичко размислување, поставување прашања, одговарање на прашања итн.

*Активностите на на наставникот*

Активностите на наставникот се сведуваат на зборување, читање, објаснување, диктирање, давање упатства, пишување на табла, демонстрирање, објаснување, оценување задачи, поставување прашања, организирање работа во парови и групи, мотивирање на учениците, внесување иновации во содржините и начинот на нивното презентирање итн. Наставникот е должен да обезбеди и безбедна средина во која учениците можат да учат и да се надградуваат. Тој/таа, исто така, е должен да врши "мониторинг" или да следи што кажуваат или прават учениците за да реагира благовремено и да ги насочува. Улогата на наставникот се состои и во тоа да реагира смирено и непристрасно и да дава поткрепа на учениците во процесот на учењето.

## *4.3. Организација и реализација на наставата*

Наставата по предметот ќе се организира и реализира преку образовна настава во класични и специјализирани училници и индивидуални домашни задачи кои ќе се изведуваат во училиштето или дома. За успешна реализација на програмските содржини пожелно е паралелките да не бидат поголеми од 15-20 ученици.

## *4.4. Наставни средства и помагала*

За поефикасно постигнување на целите се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали.
За содржините од предметот англиски јазик се сугерираат следните наставни средства и помагала: табла и креда/бела табла и маркери, касетофон, графоскоп, видео/ТВ, а по можност и пристап до Интернет.

### *4.5. Учебници и учебни помагала*

За овој курс по англиски јазик за учениците се препорачуваат следниве книги и материјали:

1. Двојазичен речник (македонско-англиски и англиско-македонски).
2. Еднојазичен речник (англиско-англиски).
3. Комплети за паралелката од одобрени учебнички системи.
4. Доколку постои опрема на располагање, тогаш, исто така и аудиовизуелен материјал.
5. Игри, реалија (весници, списанија, графики и визуелни извори) итн.

### *4.6. Литература и дополнителен материјал и средства за наставникот*

1. Примероци од горенаведените книги/материјали за лична употреба.
2. Претплата преку училиштето на релевантни интернационални и/или професионални списанија/весници.
3. Комплети од одбрани учебнички системи.
4. Примероци од каталози на материјали за учење на англискиот јазик.
5. Примероци од книги со граматички вежби.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Увидот во напредокот на знаењата и способностите на учениците треба да биде планиран, систематски и перманентен и да се остварува во соработка со сите учесници во воспитно-образовниот процес.
Ученикот треба да биде вреднуван со 8 оценки во текот на учебната година (4 оценки во првото и 4 во второто полугодие).
Во секое полугодие, 2 оценки од вкупно 4 ќе се базираат на тестови, а другите 2 ќе се базираат на усни, комуникативни проверки.
Последиците за ученикот во случај на неуспех ќе бидат во согласност со општата регулатива за средното образование во Република Македонија.

## *6.* КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### *6.1. Основни карактеристики на наставниците*

Наставникот по англиски јазик треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да го познава мајчиниот јазик, да нема говорни маани, да е комуникативен и отворен за соработка, да има позитивен став, ентузијазам и имагинативност; да е соодветно професионално образован со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа и да напредува во истата, да е добар организатор, да е креативен и способен за иновации во образовната технологија, да ги мотивира учениците и сл.

### *6.2. Стандард за наставен кадар*

1. Завршени студии по англиски јазик и литература - наставна насока, $VII_1$ или англиски јазик и книжевност, $VII_1$
2. Завршени студии по англиски јазик и литература - друга насока и се здобил со педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, $VII_1$

### *6.3. Стандард за простор за наставниот предмет*

За средни училишта општо за наставата по англиски јазик се препорачува специјализирана училница/кабинет со следната училничка инфраструктура:

- вообичаен инвентар: клупи, столчиња, табла;
- графоскоп (може заеднички за повеќе предмети);
- училничка библиотека со референсни книги и книги собрани од донации, пр. Светска банка);
- касетофон и видео/ТВ (по можност);
- пристап до Интернет (по можност).

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка: мај 2002 година**

**7.2. Состав на работната група:**

1. проф. д-р Екатерина Бабамова, Филолошки факултет, Скопје
2. Зора Бушовска, советник во Бирото за развој на образованието, ПЕ Охрид, раководител
3. Марија Китанова, советник во Бирото за развој на образованието, ПЕ Битола
4. Олга Арнаудоска, професор по англиски јазик, УСО "Св. Климент Охридски", Охрид
5. Стефанка Цекиќ, професор по англиски јазик, УСО "Св. Климент Охридски", Охрид
6. Ефимија Наумоска, професор по англиски јазик, УСО "Св. Климент Охридски", Охрид

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум за на почнување:** 01.09.2002 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за предметот англиски јазик ја одобри (донесе) ________________________________________________________________________ со решение бр. ________________ од___________________